Република Македонија
Општина Новаци

Бр. 07-290/8
11.03.2014 год
Новаци

Врз основа на член 78 од Изборниот законик (Службен весник на РМ бр. 40/06, 32/2014) , а во врска со член 21 и 46 од Статутот на Општина Новаци (Службен гласник бр. 5/2002), Советот на Општина Новаци на ден 11-03-2014 година , донесе

# О Д Л У К А

За утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Парламентарни избори 2014 година, за пратеници во Собранието на Република Македонија

### Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат местата на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати за Парламентарни избори 2014 година, за пратеници во Собранието на Република Македонија, и се обезбедуваат еднакви услови за сите организатори на изборната кампања.

### Член 2

Истакнувањето на изборните плакати за Парламентарните избори 2014 година, за пратеници во Собранието на Република Македонија , 2014 година започнува од 05-04-2014 г. /00,00 часот/ и завршува на 25-04-2014 г.во 24,00 ч.

На утврдените места организаторите на изборната кампања можат да поставуваат свои подвижни паноа со залепени плакати распоредени во линија , под услов да не се попречува видикот на другите паноа , но не повеќе од 3 паноа на една локација од секој организатор на изборната кампања.

### Член 3

Без надоместок изборни плакати можат да се истакнуваат на електрични столбови на висина над 3 метри.

Изборните плакати можат да се истакнуваат без надоместок на слободните површини погодни за таква намена, и на стамбени и други приватни објекти, со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

### Член 4

Не се дозволува лепење плакати на објекти и фасади под заштита , односно на културно-историски споменици, спомен обележја и бисти , телефонски и електрични кабли.

**Член 5**

Дополнителните места за истакнување на изборни плакати со надоместок се утврдуваат врз основа на барање на организаторот на изборната кампања по претходна согласност на Одделението за комунални работи .

Барањато за користење дополнителни места за истанување паноа со изборни плакати се доставува најдоцна 3 дена пред денот определен за почеток на изборната кампања.

**Член 6**

Организаторите на изборната кампања , во рок од 30 дена по завршувањето на изборите должни се да ги отстранат своите паноа и плакати од објектите и просторот.

**Член 7**

Непридржувањето кон утврдените места и определените услови повлекува казна за сторен прекршок според канените одредби од Изборниот законик.

**Член 9**

Надзорот над примената на оваа одлука ќе го врши Општинскиот инспекторат.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Пецо Мицевски